СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
НА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

Година 19 број 7	Чешиново-Облешево 16.06.2023 година	Излегува по потреба

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за формирање на Комисија за процена и утврдување на висина на штети настанати од природни непогоди и други несреќи

1.Ја прогласувам Одлуката за формирање на Комисија за процена и утврдување на висина на штети настанати од природни непогоди и други несреќи, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 16.06.2023 година.

2.Решението да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-1055/1 Општина Чешиново-Облешево
16.06.2023 год. Градоначалник
Облешево Далибор Ангелов

Врз основа на член 143, став 1 алинеа 2 од Законот за заштита и спасување (Службен весник на РМ“ бр.36/04, бр.49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 21, ства 1, точка 38 од Статутот на општина Чешиново-Облешево („Службен гласник на општина Чешиново-Облешево“ бр.6/2015 и 7/2019), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 16.06.2023 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
за формирање на Комисија за процена и утврдување на висина на штети настанати од природни непогоди и други несреќи

Член 1

Се формира Комисија за процена и утврдување на висина на штети настанати од природни непогоди и други несреќи.

За членови на Комисијата се именуваат:

-Жарко Спасов – претседател – Соработник за поддршка и развој на ЛЕР

-Марија Кировски – член – Помлад соработник за извршување на буџет

-Иван Митков – член – Помлад инспектор на Животна средина

-Васе Анакиев – надворешен член – дипл.земјоделски инжинер и

-Тина Петрова – надворешен член – дипл.земјоделски инжинер

Член 2

Работата на Комисијата ќе биде во согласниост со Уредбата за начинот на работа на комисиите за процена и утврдување на штета настаната од природни непогоди и други несреќи (Службен весник на РМ бр.98/05, 152/10, 90/15 и Службен весник на РСМ 194/19).

Проценатa на штетата Комисијата ќе ја утврдува по единствена Методологија за процена на штета, што ја донесува Владата, на предлог на Министерството за финансии.

Член 3

Мандатот на членовите на Комисијата е 4 (четири) години.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-1050/1
16.06.2023 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства за финансирање на ИСИ Чешиново 2023 година

1.Ја прогласувам Одлуката за одобрување на финансиски средства за финансирање на ИСИ Чешиново 2023 година, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 16.06.2023 година.

2.Решението да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-1054/1
16.06.2023 год.
Облешево

Општина Чешиново-Облешево
Градоначалник
Далибор Ангелов

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015 и 7/2019), а во согласност со Програмата за активности на општина Чешиново-Облешево во областа на културни и спортски манифестации за 2023 година бр.08-2105/1 од 17.11.2022 година (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.10/2022), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 16.06.2023 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
за одобрување на финансиски средства за финансирање на Илинденски Спортски Игри (ИСИ) Чешиново-2023 година

Член 1

Се одобруваат 260.000,00 денари (двеста и шеесет илјади денари) од Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2023 година за организација и реализација на ИСИ Чешиново 2023 година.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе бидат наменети за:

- Техничка организација (озвучување на официјалното отварање и финалето на игрите, подготовка на теренот).

- ангажирање на две лица надворешни соработници за организирање на игрите.

- изготвување на покани, благодарници, дипломи и сл.

- набавка на топки, мрежи, пехари, медали и сл.

Обезбедување на финансиски средства за награди и тоа :

Фудбал 1 место 80.000,00денари
Фудбал 2 место 40.000,00денари

Член 3

Средствата се предвидени во Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2023 година во Програмата ЛО спорт и АО општинска администрација.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-1049/1
16.06.2023 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за изработка на Урбанистички Планови, Урбанистичко – Планска документација, и урбанистичко проектна документација за 2023 година, на подрачјето на општина Чешиново-Облешево

1.Ја прогласувам Програмата за измена и дополнување на Програмата за изработка на Урбанистички Планови, Урбанистичко – Планска документација, и урбанистичко проектна документација за 2023 година, на подрачјето на општина Чешиново-Облешево, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 16.06.2023 година.

2.Решението да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-1052/1
16.06.2023 год.
Облешево

Општина Чешиново-Облешево
Градоначалник
Далибор Ангелов

Врз основа на член 40 став 1, од Законот за урбанистичко планирање (“Сл.весник на РСМ“ бр.32/20), и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (“Сл.гласник на општина Чешиново-Облешево“ бр.6/2015 и 7/2019), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 16.06.2023 година донесе:

ПРОГРАМА
за измена и дополнување на Програмата за изработка на Урбанистички Планови , Урбанистичко – Планска документација, и урбанистичко проектна документација за 2023 година, на подрачјето на општина Чешиново-Облешево

Член 1

Во Точка II од Програмата за изработка на Урбанистички Планови , Урбанистичко – Планска документација, и урбанистичко проектна документација за 2023 година, на подрачјето на општина Чешиново-Облешево бр.08-2109/1 од 17.11.2022 година (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.13/2022) табела „ Разработување на Урбанистички план за село“ се додава нова Точка 5 која гласи:

5	Измена и дополна на УПС Чешиново со разработка на блок 5 и блок 13 КО Чешиново, општина Чешиново-Облешево	Општина Чешиново-Облешево

Член 2

Во точка III се додава нов став 2 кој гласи:

Заинтересираните физички и правни лица, барателиза изработка на Урбанистички

проекти, да уплатат 20.000,00 денари (дваесет илјади денари) на име „посебни трошоци во постапката“ кои ќе бидат наменети за исплата на надоместокот на членовите на Комисиите за урбанизам.

Ставовите 2, 3 и 4 преминуваат во ставови 3, 4 и 5.

Член 3

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе биде објавена во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-1048/1 Совет на
16.06.2023 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за еднократна финансиска помош на Снежанка Тодорова од с.Кучичино

1.Ја прогласувам Одлуката за еднократна финансиска помош на Снежанка Тодорова од с.Кучичино, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 16.06.2023 година.

2.Решението да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-1056/1 Општина Чешиново-Облешево
16.06.2023 год. Градоначалник
Облешево Далибор Ангелов

Врз основа на член 36 став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015 и 7/2019), а во согласност со Програмата за остварување на социјална заштита во општина Чешиново-Облешево за 2023 година бр.08-2215/1 од 09.12.2022 година (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.14/2022), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 16.06.2023 година донесе:

О Д Л У К А
за еднократна финансиска помош на Снежанка Тодорова од с.Кучичино

Член 1

На Снежанка Тодорова од с.Кучичино, со постојано место на живеење во с.Кучичино ул. Трајан Мицков бр.8 и се одобрува еднократна парична помош во висина од 6.000.00 денари (шест илјади денари) како помош за лекување.

Член 2

Средствата да се уплатат на сметка на барателот.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесување и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-1051/1 Совет на
16.06.2023 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
За прогласување и објавување на Заклучокот за усвојување на Информацијата за кадровска структура во ЈПКД „Облешево“

1.Го прогласувам Заклучокот за усвојување на Информацијата за кадровска структура во ЈПКД „Облешево“ , што Советот на општина Чешиново-Облешево го донесе на седницата одржана на ден 16.06.2023 година.

2.Заклучокот да се објави во „Службен гласник на општина Чешиново-Облешево“.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Чешиново-Облешево“.

Бр.09-1057/1 Општина Чешиново-Облешево
16.06.2023 год. Градоначалник
Облешево Далибор Ангелов

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 16.06.2023 година, донесе:

З А К Л У Ч О К
За усвојување на Информацијата за кадровска структура во ЈПКД „Облешево“

I

Се усвојува писмената Информација за кадровска структура во ЈПКД „Облешево“, изготвена од страна на директорот на ЈПКД „Облешево“.

II

Заклучокот влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Чешиново-Облешево“.

Бр.08-1052/1 Совет на
16.06.2023 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2024 година во ООУ „Страшо Пинџур“ Соколарци

1.Ја прогласувам Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2024 година во ООУ „Страшо Пинџур“ Соколарци, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 16.06.2023 година.

2.Решението да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-1061/1 Општина Чешиново-Облешево
16.06.2023 год. Градоначалник
Облешево Далибор Ангелов

Врз основа на член 20-б, точка 1, алинеја 3 и точка 2 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.143/19 и 14/20), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 16.06.2023 година донесе:

О Д Л У К А
За давање согласност на Годишниот план за вработување за 2024 година во ООУ „Страшо Пинџур“ Соколарци

Член 1

Советот на Општина Чешиново-Облешево дава Согласност на Годишниот план за вработување во ООУ „Страшо Пинџур“ Соколарци, за 2024 година, бр.01-307/1 од 15.06.2023 година

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-1058/1
16.06.2023 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Измените и дополнувањата на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2023 година (Прв Ребаланс на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2023 година)

1.Ја прогласувам Одлуката за усвојување на Измените и дополнувањата на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2023 година (Прв Ребаланс на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2023 година), што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 16.06.2023 година.

2.Решението да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-1062/1
16.06.2023 год.
Облешево

Општина Чешиново-Облешево
Градоначалник
Далибор Ангелов

Врз основа на член 21, став 1, точка 4 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015 и 7/2019), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 16.06.2023 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
За усвојување на Измените и дополнувањата на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2023 година (Прв Ребаланс на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2023 година)

Член 1

Се усвојуваат Измените и дополнувањата на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2023 година (Прв Ребаланс на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2023 година), прилог на оваа Одлука.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-1059/1
16.06.2023 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за формирање на Совет за превенција од детско претстапништво

1.Ја прогласувам Одлуката за формирање на Совет за превенција од детско претстапништво, што Советот на општина

Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 16.06.2023 година.

2.Решението да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-1063/1 Општина Чешиново-Облешево
16.06.2023 год. Градоначалник
Облешево Далибор Ангелов

Врз основа на член 158 од Законот за правда на децата („Службен весник на РМ“ бр.148/2013 и „Службен весник на РСМ“ бр.152/2019 и 275/2019), 36 став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр. 5/2002), член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015 и 7/2019),Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 16.06.2023 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
за формирање на Совет
за превенција од детско претстапништво

Член 1

Се усвојува Предлогот на Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево за формирање на Совет за детско претстапништво и именување на членови на Советот.

За членови на Советот се именуваат:

-Анита Колева – претставник од Советот на општината

-Слаџана Ангелова – претставник од Советот на општината

-Викторија Костадинова – претставник од ООУ „Страшо Пинџур“ Соколарци

-Јасмина Данилова Давиткова – претставник од ООУ „Климент Охридски“ Облешево

- Александра Јосифова – претставник од Совет на родители во ООУ „Страшо Пинџур“ Соколарци

Мандатот на членовите на Советот е 5 (пет) години, со право на повторен избор.

Член 2

Советот донесува Годишна програма за својата работа и истата ја доставува до Советот на општината, на усвојување.

Советот донесува деловник за својата работа, врши работи за следење на состојбите, покренува иницијативи за нивното подобрување и развива програми за вклучување на локалната заедница во превенција на детското престапништво и третманот на деца сторители на дејствија што со закон се предвидени како кривични дела и прекршоци.

Член 3

За својата работа општинските совети најмалку еднаш годишно го известуваат советот на општината и Државниот совет за превенција на детско престапништво.

Член 4

Средствата за работа на Советот за детска претстапништво се обезбедени во Буџетот на општината.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-1060/1 Совет на
16.06.2023 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Орце Митров

СОДРЖИНА Стр.

1.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за формирање на Комисија за процена и утврдување на висина

на штети настанати од природни непогоди и други несреќи..... 1
2.ОДЛУКА за формирање на Комисија за процена и утврдување на висина на штети настанати од природни непогоди и други несреќи..... 1
3.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства за финансирање на ИСИ Чешиново 2023 година..... 2
4.ОДЛУКА за одобрување на финансиски средства за финансирање на Илинденски Спортски Игри (ИСИ) Чешиново-2023 година..... 2
5.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за изработка на Урбанистички Планови, Урбанистичко – Планска документација, и урбанистичко проектна документација за 2023 година, на подрачјето на општина Чешиново-Облешево..... 3
6.ПРОГРАМА за измена и дополнување на Програмата за изработка на Урбанистички Планови , Урбанистичко – Планска документација, и урбанистичко проектна документација за 2023 година, на подрачјето на општина Чешиново-Облешево..... 3
7.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за еднократна финансиска помош на Снежанка Тодорова од с.Кучичино..... 4
8.ОДЛУКА за еднократна финансиска помош на Снежанка Тодорова од с.Кучичино..... 4
9.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Заклучокот за усвојување на Информацијата за кадровска структура во ЈПКД „Облешево“..... 4
10.ЗАКЛУЧОК за усвојување на Информацијата за кадровска структура во ЈПКД „Облешево“..... 5
11.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2024 година во ООУ „Страшо Пинџур“ Соколарци..... 5
12.ОДЛУКА За давање согласност на Годишниот план за вработување за 2024 година во ООУ „Страшо Пинџур“ Соколарци..... 5
13.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Измените и дополнувањата на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2023 година (Прв Ребаланс на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2023 година)..... 6
14.ОДЛУКА за усвојување на Измените и дополнувањата на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2023 година (Прв Ребаланс на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2023 година)..... 6
15.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за формирање на Совет за превенција од детско претстапништво..... 6
16.ОДЛУКА за формирање на Совет за превенција од детско претстапништво..... 7
17.СОДРЖИНА..... 7

ПРИЛОГ: Прв Ребаланс на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2023 година